ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 1203 – 201/8**

**Дата: 11.12.2009**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Органот на Општина Карпош за 2008 година, кои се прикажани на страните од 9 до 13 .

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Органот на Општина Карпош за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи на Органот на Општина Карпош за 2005 година. За вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи дадено е негативно мислење а за наменското и законското користење на средствата дадено е мислење со резерва.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Д-р Андреј Петров, градоначалник до 27.06.2008 година;
- Игнат Виларовски, вршител на должност градоначалник од 27.06.2008 до 06.10.2008 година ,и
- Сашо Димиќ, вршител на должност градоначалник од 06.10.2008 до 31.12.2008 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 8 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во периодот од 13. 07. 2009 до 31.07. 2009 и од 31.08. 2009 до 17.09.2009 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

---

***Овластен државен ревизор***

________________________

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи;

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни корекции на финансиските извештаи прифатени и спроведени од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10**.** Со ревизијата на финансиските извештаи за 2008 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Систем на интерни контроли во процесите**

**10.1.1. Процес на плаќање**

При оценка на системот на интерните контроли кај процесот на безготовинско и готовинско плаќање, ревизијата констатира дека воспоставените интерни контроли не обезбедуваат доволно ниво на сигурност и не можат да спречат ризик од плаќања по некомплетна и непотврдена документација од овластени лица и непочитување на договорените услови за плаќање, што е спротивно на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола. Причините за овие ризици се следните:

- непримена во пракса на пишаните процедури за движење на документацијата во кои се дефинирани и разграничени надлежности и одговорности во однос на потврдување на комплетноста и веродостојноста на трансакциите;
- непримена во пракса на упатство за материјално и финансиско работење;
- иако има назначено вработен како одговорен сметководител истиот не врши проверка и одобрување на документацијата која треба да се плати.

**Препорака:**
Градоначалникот на Општина Карпош да се заложи за:

- практична примена на пишаните процедури за движење на документацијата и упатството за материјално и финансиско работење, и
- одговорниот сметководител да врши проверка и одобрување на документацијата која треба да се плати.

**10.2. Неправилна примена на акти**

10.2.1. Градоначалникот на Општина Карпош има склучено Договор за начинот на регулирање на обврските спрема фирмата изведувач на работите за Изградба на мост „Влајко„. Долгот изнесува 28.435 илјади денари и произлегува од долг на општината по договор за градење на објект пешачки премин „Влајко" во износ од 19.645 илјади денари од 2006, долг на општината по анекс договор од 2006 и договор од 2007 година во износ од 4.834 илјади денари или вкупен основен долг 24.479 илјади денари. На овој износ договорена е камата од 10% на годишно ниво за три години во износ од 3.956 илјади денари или вкупна обврска од 28.435 илјади денари. Договорено е обврската да се плати на 36 месечни рати од по 790 илјади денари почнувајќи од 20.06.2007 до 20.05.2010 година. Со овој договор општината се задолжила дополнително со камата од 3.956 илјади денари и го регулирала не платениот долг.
За склучување на договорот и за начинот на регулирање на обврските на Општина Карпош спрема изведувачот на работите за изградба на пешачки премин „Влајко„ нема одлука од советот на Општина Карпош. Ваквиот начин на постапување е спротивен на одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и има влијание на задолжување на општината без согласност од советот.

**Препорака:**
Со цел запазување на начелото на транспарентност, при преземање дополнителни обврски кои треба да се реализираат од средствата на буџетот на општината градоначалникот за истото да го информира советот.

**10.3. Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

10.3.1. Пописот на средствата и изворите на средствата на Општина Карпош со состојба на 31.12.2008 година не е извршен во целост бидејќи со пописот на обврските не е утврдена правната основа на обврските и не се утврдени причините за не платените обврски спрема добавувачите.
Не целосното спроведување на пописот е резултат на не постапување согласно Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.
Ваквиот начин на постапување создава можност за нереално искажување на состојбите во сметководството и изготвување на финансиски извештаи кои нереално ја прикажуваат состојбата на средствата и изворите на средствата.

**Препорака:**
Надлежните органи во Општина Карпош да преземат активности за целосно извршување на пописот на средствата и изворите на средствата согласно одредбите пропишани во Правилник за сметководството на буџетите и буџетските корисници.

**10.4. Неправилности во искажувањето на приходите/расходите**

10.4.1. Ставката Основни плати и надоместоци во Билансот на приходи и расходи е искажана во поголем износ за 301 илјади денари, поради исплата на надоместок на членови на советот на општината кои не присуствувале на седници, што е спротивно на Законот за исплата на плата и другите надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија.
Ваквиот начин на исплати придонесува за незаконско користење на средствата на општината и до зголемени расходи.

**Препорака:**
За незаконски исплатените парични средства надлежните служби во општина Карпош да преземат мерки за враќање на истите.

10.4.2. Општина Карпош склучила договори на дело со физички лица за вршење работи и услуги спротивно на Законот за агенциите за привремени вработувања и на Законот за работни односи. На овие лица во 2008 година е исплатен надоместок во вкупен износ од 225 илјади денари за кој е пресметан и платен персонален данок на доход.
Надлежните во Општината, биле должни ангажирањето на овие лица да го усогласат со одредбите од Законот за агенциите за привремени вработувања и на Законот за работни односи.
Непочитувањето на одредбите од наведените закони има за ефект непресметани и неплатени придонеси и нереално искажани расходи во Билансот на приходи и расходи за 2008 година.

**Препорака:**
Постапките за вработување на неопределено и определено работно време да се реализираат согласно законските прописи кои ја регулираат оваа област. Градоначалникот на Општината како надлежен орган кој одлучува за вработувањето, правата, должностите и одговорностите на вработените во општинската администрација, да обезбеди вработувања на лица согласно актот за систематизација и законските прописи кои ја регулираат оваа област.

10.4.3. Од позицијата Социјални бенефиции исплатени се средства во износ од 728 илјади денари за социјална помош на граѓани. Овие исплати се вршени со решенија донесени од градоначалникот. За истите не постои Програма со утврдени цели и активности, донесена од Советот на општината, нема утврдени критериуми за доделување на средствата, што создава можност за субјективно постапување и одлучување при нивното доделување и ненаменско трошење на средствата. Ваквото постапување е спротивно на Законот за локална самоуправа и Законот за социјална заштита.
Во 2009 година изготвена е Програма за социјална заштита / за правата по основ социјалана заштита кои ги обезбедува општината.

10.4.4. Од сметката на Општина Карпош исплатени се средства во износ од 3.320 илјади денари за санација и боење на фасада на стамбена зграда во општината што не е во согласност со надлежностите на општината пропишани со Законот за локална самоуправа. Ефект од таквите активности е ненаменско и незаконско трошење на средствата на општината, што придонесува за зголемени расходи и нереални финансиски извештаи.

**Препорака:**
Работите кои ги извршува општината треба да бидат во согласност со надлежностите пропишани со Законот за локална самоуправа.

10.4.5. Од сметката Други оперативни трошоци исплатени се средства за набавка на маици во вкупен износ од 316 илјади денари и тоа:

- во месец март набавени се маици за Спортски игри Карпош 2008 година на износ од 117 илјади денари, и
- во месец декември набавени се маици за вкупен износ од 199 илјади денари, во фактурата не е наведено за која намена се набавени овие маици, дали за спортски игри или за одредена кампања. Нема испратница од која може да се види кој истите ги примил.

Ревизијата не се увери во реалноста на овие трошоци од причина што истите не се поткрепени со комплетна документација како и не е презентирана Програма за развој на спортот во која ќе бидат утврдени кои манифестации и во каква форма ќе ги подржува општината.

**Препорака:**
Надлежните служби да подготват Програма за развој на спортот во општината и да ги планираат активностите и средствата кои општината ќе ги одвои за подржување на одредени настани од спортот согласно утврдени критериуми.

**10.5. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба**

10.5.1. Општина Карпош во својата евиденција го нема евидентирано имотот добиен согласно Решението број 23-257/93 од 08.02.2000 година за пренесување на право на сопственост на недвижен имот од Република Македонија на општина Карпош врз основа на спроведен делбен биланс, донесено од Влада на Република Македонија. Поради тоа искажаната состојба на материјалните средства на 31.12. 2008 година не ја претставува реалната состојба на материјалните средства и изворите на истите.
За имотот со кој располага општината и е во нејзина сопственост, не е извршена проценка на нивната вредност и не се обезбедени имотни листи од Агенцијата за катастар на недвижности на Република Македонија.

**Препорака:**
До обезбедување имотни листи за имотот добиен со решение од Влада на Република Македонија, да се изврши проценка на имотот согласно Методологијата за проценка на пазарната вредност на недвижниот имот, а одделението за сметководство да изврши вонбилансно евидентирање на истиот.

**10.6. Неправилна примена на Законот за јавни набавки**

10.6.1. При увидот во спроведувањето на постапките за јавни набавки, ревизијата утврди неприменување на одредбите од Законот за јавни набавки и подзаконските акти од областа на јавните набавки поради следното:

10.6.1.1. По Оглас за доделување на договор за јавна набавка со Отворена постапка од 2008 година со предмет на набавката, Изградба на атмосферски канал во н.м. Козле, утврдени се следните неправилности:

- со Одлуката за јавна набавка предвидени се средства за извршување на работата во износ од 6.000 илјади денари, а по спроведената јавна набавка склучен е договор во износ од 10.824 илјади денари со ДДВ или повеќе од обезбедените средства за износ од 5.824 илјади денари, што е спротивно на членот 28 став 2 од Законот за јавни набавки;
- во Извештајот за евалуација не се наведени причините за одбивање на понудата со најниска цена која впрочем се движела во рамки на обезбедените средства со Одлуката за јавна набавка, што е спротивно на членот 142 став 2 алинеа 4 од Закон за јавни набавки;
- за утврдени дополнителни работи по основниот договор од јуни 2008 година на износ од 10.824 илјади денари со ДДВ, за изградба на атмосферски канал во н.м. Козле склучен е анекс договор во септември 2008 година на износ од 681 илјада денари со ДДВ, откако работата е извршена и е утврдено дека износот на извршените работи по завршната ситуација е поголем од износот утврден со основниот договор, што е спротивно на членот 99 став 1 точка 4 од Законот за јавни набавки.

10.6.1.2. По Оглас за доделување на договор за јавна набавка со Отворена постапка број 02/2008. со предмет на набавката, Изведување на градежно-занаетчиски работи на ОУ „Јан Амос Коменски " утврдени се следните неправилности:

- пред да се спроведе постапката за јавна набавка, изведувачот работел на извршување на работите кои биле предмет на оваа јавна набавка. Договорот е склучен во месец јуни 2008 година, а работите се извршени од месец февруари до јуни 2008 година, пред склучување на договорот што значи дека се работело без да биде тоа регулирано со договор;
- според Извештајот за евалуација од Комисијата за јавни набавки изготвена е ранг листа. Прво рангираниот понудил пониска цена за повеќе од 2 милиона денари од второ рангираниот. Комисијата за јавни набавки му предложила на градоначалникот како најповолна да ја избере понудата на понудувачот согласно ранг листата. Спротивно на тоа и спротивно на член 142 став 5 од Законот за јавни набавки, градоначалникот донел одлука за изведувач на работите да се избере второ рангираниот понудувач со кој е склучен договор.

По овој договор наместо договорената вредност од 12.238 илјади денари работите се извршени за износ од 7.376 илјади денари или помалку за 4.862 илјади денари.

10.6.1.3. За изградба на ОУ„ Јан Амос Коменски„ склучен е основен договор во 2006 година на износ од 73.093 илјади денари со ДДВ. За утврдени дополнителни работи на овој објект склучен е Анекс договор од 20.02.2008 година на износ од 12.795 илјади денари со ДДВ, во врска со што е спроведена постапка со преговарање без претходно објавување на оглас, член 99 став 1 точка 4 од Законот за јавни набавки. Потребата од Анекс договор е поради тоа што според Завршната ситуација износот на извршените работи е 85.888 илјади денари, а според основниот договор 73.093 илјади денари поради што се јавува разлика од 12.795 илјади денари како износ на повеќе извршени работи. Работите завршиле на 31.01.2008 година согласно градежниот дневник. Откако е утврдена таквата состојба склучен е Анекс договор, што значи дека по завршените работи следело потпишување на Анекс договор, што не е согласно Законот за јавни набавки.

10.6.1.4. Спротивно на Законот за јавни набавки, Анекс договорот за Расчистување на шут на десна страна на река Вардар е склучен по завршување на работите. За извршување на оваа работа склучен е основен Договор за градење во 2007 година на износ од 12.873 илјади денари, согласно спроведена постапка за јавна набавка по Ограничен повик од 2006. Откако е утврдено дека средствата по основниот договор се во помал износ за 3.689 илјади денари, од изност по петтата времена ситуација за извршени работи заклучно со месец ноември 2008 година, склучен е Анекс договорот за разликата од 3.689 илјади денари на 22.12.2008 година.

Спротивно на членот 99 став 1 точка 4, Комисијата за јавни набавки не составува извештај од спроведената постапка за јавна набавка со преговарање без претходно објавување на оглас во која детално ќе ги наведе причините за спроведување на таквата постапка како и за начинот на спроведување на постапката.

**Препорака:**
Градоначалникот како одговорно лице да пропише процедура која ќе се применува во случаи кога има потреба на склучување на анекси кон договорите за градба поради дополнителни работи или услуги .

10.6.1.5. Не се спроведени постапки за јавни набавки на износ од 2,189 илјади денари и тоа:

- за хотелски и угостителски услуги за денот на општината на износ од 464 илјади денари;
- за набавка на пијалоци за бифе во износ од 120 илјади денари;
- не е спроведена постапка за јавна набавка за работи или услуги како: фарбање на бараки, разнесување на општински весник, обезбедување, обуки, послужување на пијалаци, чистење, учество на Манифестација „ Ем можам, Ем умеам„, монтажа на аудио и видео материјал и поставување на тон и светло во износ од 1.080 илјади денари;
- за консултантски услуги во областа на урбанизмот и финансиското работење во износ од 140 илјади денари ;
- за угостителски услуги за коктели по разни поводи на износ од 385 илјади денари, и
- не е спроведена постапка за јавна набавка за избор на агенција за привремени вработувања.

10.6.1.6. Комисијата не доставила барање за понуди до сите квалификувани понудувачи по Ограничен повик од 2007 за точка Љ) Чистење диви депонии, спротивно на член 63 од Законот;

10.6.1.7. Не е избран најповолниот кандидат по Ограничен повик од 2007 за точка Ѓ) за репарирање на реквизити од јавни детски игралишта склучен е договор со второ рангираниот на износ од 838 илјади денари;

Неспроведувањето на постапки за јавни набавки согласно Законот за јавни набавки создава можност за примена на необјективни критериуми за избор на најповолен понудувач, фаворизирање на одредени фирми и нетранспарентност при склучување на договорите.

**Препорака:**
Да се обезбеди целосна примена на Законот за јавни набавки и под законските акти во сите негови аспекти во зависност од видот и вредноста на набавката.

11. Во текот на ревизијата се прифатени и спроведени корекции од страна на субјектот во Билансот на состојбата по следните основи:

- зголемување на состојбата на сметката Инвестиции во тек за износ од 13.626 илјади денари со истовремено зголемување, за истиот износ, на состојбата на сметката Пасивни временски разграничувања, за неевидентираните инвестиции во тек;
- зголемување на состојбата на сметката Градежни објекти за износ од 3.413 илјади денари со истовремено зголемување, за истиот износ, на состојбата на сметката Државен јавен капитал (Деловен фонд), за неевидентираните вградени врати и извршените вложувањата во бараките;
- зголемување на состојбата на сметката Опрема за износ од 1.229 илјади денари со истовремено зголемување, за истиот износ, на состојбата на сметката Државен јавен капитал (Деловен фонд), за неевидентираната набавка на дрвени штандови и канцелариска опрема;
- зголемување на состојбата на сметката Активни временски разграничувања за износ од 32.263 илјади денари со истовремено зголемување на состојбата на сметката Обврски по долгорочни кредити за износ од 28.307 илјади денари за евидентирање на остаток на кредит за Основното училиште „Јан Амос Коменски“ и зголемување на состојбата на сметката Други долгорочни обврски за износ од 3.956 илјади денари за неевидентираната камата по договор за регулирање на долг за мост „Влајко“;
- зголемување на состојбата на сметката Други долгорочни обврски за износ од

9.472 илјади денари со истовремено намалување на состојбата на сметката Обврски спрема добавувачите за истиот износ, поради прекнижување на остатокот на износот главен долг по договор за регулирање на долг за мост „Влајко“;

- зголемување на состојбата на сметката за Вонбилансна евиденција Активни сметки (Сметка 990) за износ од 11.506 илјади денари со истовремено зголемување, за истиот износ, на состојбата на сметката за Вонбилансна евиденција Пасивни сметки (Сметка 995), за неевидентирање на Атмосферски канал во н.м. Козле по завршна ситуација и
- зголемување на состојбата на сметката Државен јавен капитал (Деловен фонд) за износ од 248 илјади денари со истовремено намалување на состојбата на сметката Останат Капитал (залихи на материјали и др.) за истиот износ, поради исправка на погрешно книжење од претходни години.

12. Според наше мислење, освен за изнесеното во точките 10.3. и 10.5., финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на сметката на Органот на Општина Карпош под 31 декември 2008 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, освен за изнесеното во точките 10.4. и 10.6., кај Органот на Општина Карпош, за 2008 година е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи.

Скопје,
04.12.2009

Овластен државен ревизор

## ОРГАН НА ОПШТИНА КАРПОШ
## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2008 година

| | | | **во 000 денари** |
|---|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2008** | **2007** |
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 304.495 | 213.066 |
| **Вкупно приходи** | | **304.495** | **213.066** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1. | 33.847 | 29.699 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.2.2. | 2.077 | 545 |
| Стоки и услуги | 3.2.3. | 110.923 | 63.147 |
| Каматни плаќања | 3.2.4. | 1.150 | 0 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.5. | 4.475 | 11.226 |
| Социјални бенефиции | 3.2.6. | 728 | 293 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **153.200** | **104.910** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 149.872 | 108.156 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **149.872** | **108.156** |
| **Отплата на главнина** | 3.4. | **1.423** | **0** |
| **Вкупно расходи** | | **304.495** | **213.066** |

## ОРГАН НА ОПШТИНА КАРПОШ
## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ 2008 година

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2008 | 2007 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 38 | 50 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4.1.2. | 999 | 108 |
| Побарувања од вработените | 4.1.3. | 38 | 50 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.4. | 100.911 | 127.801 |
| Залихи | 4.1.5. | 188 | 241 |
| Аванси за капитални средства | | | |
| **Вкупно тековни средства** | | **102.174** | **128.250** |
| **Постојани средства** | | | |
| Нематеријални средства | 4.2.1. | 1.983 | 204 |
| Материјални средства | 4.2.2. | 202.233 | 94.357 |
| Материјални средства во подготовка | 4.2.3. | 13.626 | 0 |
| **Вкупно постојани средства** | | **217.842** | **94.561** |
| **Вкупна актива** | | **320.016** | **222.811** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 57.575 | 126.177 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.2. | 2.599 | 1.733 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.3. | 13.703 | 100 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **73.877** | **128.010** |
| **Долгорочни обврски** | 4.4.1 | **41.735** | **0** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.2. | 204.404 | 94.801 |
| Ревалоризациона резерва | | 0 | 0 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **204.404** | **94.801** |
| **Вкупна пасива** | | **320.016** | **222.811** |

**ОРГАН НА ОПШТИНА КАРПОШ**

**ПРЕГЛЕД НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2008 ГОДИНА**

**во 000 денари**

| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност)** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Состојба 01.01.2008 година** | **94.312** | **488** | **94.800** |
| | | | - |
| **Зголемување по основ на:** | | | - |
| | | | - |
| Набавки | 108.402 | 862 | **109.264** |
| Корекции со ревизијата | 4.889 | 0 | **4.889** |
| | | | - |
| **Намалување по основ на:** | | | - |
| Отпис на капитални средства | 967 | 0 | **967** |
| Исправка на вредноста на ситниот инвентар | 0 | 914 | **914** |
| Корекции со попис | 2.420 | | **2.420** |
| Корекции со ревизијата | 0 | 248 | **248** |
| | | | - |
| **Состојба 31.12.2008 година** | **204.216** | **188** | **204.404** |

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 12-27/3**

**Дата: 29.01.2010**

Врз основа на член 23 став 6,7 и 8 од Законот за државната ревизија ("Службен весник на РМ" бр. 65/97, 70/01, 31/03, 19/04, 70/06 и 133/07), постапувајќи по добиениот Приговор по Конечен извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи на општина Карпош (во понатамошниот текст Општината) за 2008 на сметката на Органот, заведен под број 12-27/1, Главниот државен ревизор го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ

По поднесен приговор на Конечен извештај

1. Приговорот поднесен на **точките 10.1.1.,10.2.1.,10.3.1.,10.4.1.,10.4.2.,10.4.3.,10.4.4., 10.4.5.,10.5.1.,10.6.1.1.,10.6.1.2.,10.6.1.3.,10.6.1.4.** и **10.6.1.5.** од Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2008 година на општина Карпош сметка на Органот, **не се прифаќа**.

2. Решението по доставениот приговор на Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор претставува прилог на Конечниот извештај и интегрално се интерпретира во Годишниот извештај.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Против Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи на општина Карпош за 2008 година на сметката на Органот поднесен е приговор заведен под број 12-27/1 од 14.01.2010 година. Со поднесениот приговор се доставени дополнителни докази со кои не може да се оспорат или преиначат утврдените состојби во Конечниот извештај, поради што Овластениот државен ревизор ги дава следниве образложенија за не прифаќање на приговорот:

1. Упатениот приговор на **точката 10.1.1.,** кој се однесува на интерните контроли во процесот на плаќање, **не се прифаќа.** Причината за не прифаќање е поради фактот дека не се работи за приговор туку за известување дека во 2009 година субјектот постапува по препораките на Овластениот државен ревизор.

2. Што се однесува до приговорот на **точка 10.2.1.,** кој се однесува на законско и транспарентно постапување при преземање на дополнителни обврски, **не се прифаќа.** Ова од причина што истиот нема карактер на приговор туку

известување дека во 2009 година се постапува согласно законските прописи и се почитува начелото на транспарентно работење.

3. Приговорот на **точка 10.3.1.** кој се однесува на нецелосниот попис на обврските **не се прифаќа.** И по оваа точка упатениот приговор нема карактер на приговор туку известување дека во 2009 година Општината ги исплатила во целост достасаните обврски.

4. Упатениот приговор на **точка 10.4.1.** кој се однесува на исплати на надомест на членовите на советот и кога не присуствуваат на седници на советот, **не се прифаќа**. И во овој случај не се работи за приговор туку известување дека во 2009 година се почитува во целост законското решение

5. Приговорот на **точка 10.4.2.** кој се однесува за ангажирање на работници по основ на договор на дело континуирано последователно секој месец за вршење на одредени работи и работни задачи **не се прифаќа**. Приговорот е во правец на дадено објаснување дека во 2009 година се постапува согласно законската регулатива при вработувањето и актот за систематизација на работите и работните задачи.

6. Што се однесува на приговорот на **точките 10.4.3. и 10.4.4.** кој се однесува на исплатените социјални бенефиции на граѓаните на Општината **не се прифаќа**. Иако во Конечниот извештај е наведено дека Општината донела Програма за социјална заштита за 2009 година  субјектот повторно не информира за донесената Програма за спроведување на социјална заштита на децата и граѓаните на општина Карпош.

7. Упатениот приговор на **точка 10.4.5.** кој се однесува на исплатите за набавка на спортски маици **не се прифаќа**. Причината за не прифаќањето е поради тоа што за набавката во месец декември документацијата не беше комплетна, а не за набавката во месец март, која повторно ни е доставена на увид. Исто така субјектот не известува дека постапил согласно препораките и донел Програма за дејноста спорт.

8. Приговорот на **точка 10.5.1.** кој се однесува на обезбедување на имотни листи, проценка и евидентирање во сметководствената евиденција на Општината на имотот добиен со делбените биланси од 2000 година, **не се прифаќа.** Причина за не прифаќањето е што на ревизијата не и се доставени нови релевантни докази кои би влијаеле на промена на ревизорското мислење.

9. Приговорот на **точката 10.6.1.1.** кој се однесува на делот на анекс договорот за изградба на канал во Козле **не се прифаќа,** од причина што на ревизијата не и се доставени докази, од кои може да се види дека надзорот го известил инвеститорот за појава на непредвидени работи, како и согласност од инвеститорот за непредвидените работи. Забелешките на ревизијата се во овој правец и од тој аспект се препорачува донесување на процедура за склучување на анекс договори кон основните договори.

10. Приговорот на **точките 10.6.1.2. и 10.6.1.3.** кој се однесува на постапката за јавна набавка за изградба на ОУ „Јан Амос Коменски“ **не се прифаќа**. Причината за не прифаќање на приговорот е поради тоа што Општината не доставила дополнителни релевантни докази кои би влијаеле на промена на ревизорското мислење. Укажувањата на Општината се дека причината за избор на второ рангираниот економски оператор е бидејќи се работи за реномирана фирма во градежништвото бидејќи се работи за изградба на објект од јавен интерес.

11. Упатениот приговор на **точка 10.1.6.4.** кој се однесува на анекс договорот за расчистување на шут на десната страна на реката Вардар каде се работи за дополнителни работи во континуитет, **не се прифаќа.** Причината за не прифаќањето е тоа што на ревизијата не и се доставени докази од кои може да се види дека надзорот го известил инвеститорот за појава на дополнителни работи, како и согласност од инвеститорот за дополнителните работи. Забелешките на ревизијата се во овој правец и од тој аспект се препорачува донесување на процедура за склучување на анекс договори кон основните договори.

12. Упатениот приговор на **точките 10.6.1.,10.6..6. и 10.6.7.** од содржината на истиот всушност се работи за приговор на точка **10.6.1.5.** алинеја два и алинеја шест., и овој приговор не се прифаќа од причина што Општината иако во приговорот истакнала дека ќе биде доставена документација за спроведена јавна набавка од мала вредност (набавка на минерална вода за бифе) таква документација не е доставена на увид во прилог на приговорот.

**Главен државен ревизор**

**Тања Таневска**